Краток документ за јавни политики бр.30/2020

-

# Да ја направиме цела Европа повторно силна. Германското претседателство со Советот на ЕУ во 2020 година и импликациите врз Северна Македонија

Автори: Мари Јеленка Кирхнер, Зоран Нечев и Драган Тилев

-

јули 2020



IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

*Гледиштата изразени во овој документ не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија "Социетас Цивилис" - Скопје*

# Импресум

**Наслов:** Да ја направиме цела Европа повторно силна. Германското претседателство со Советот на ЕУ во 2020 година и импликациите врз Северна Македонија

**Издавач:** Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Автори:** Мари Јеленка Кирхнер, Зоран Нечев и Драган Тилев

**Превод:** Јана Димитровска

**Дизајн:** Дејан Кузмановски

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

http://www.kas.de/mazedonien/mk
http://www.idscs.org.mk

# Вовед

Во втората половина од 2020-тата година, со почеток од 1-ви јули, Германија ќе претседава со Советот на ЕУ. Ова е најголемата шанса на земјите членки да ја организираат агендата на ЕУ во текот на шест месеци, а ова дотолку повеќе важи за Германија, силен играч во ЕУ односите. Германија ја презема оваа улога од Хрватска и потоа ќе биде наследена од Португалија и Словенија во 2021-ва година, и Франција и Република Чешка во 2022-ра година, севкупно земено поволни, силно про-европски ориентирани последователни претседателски тројки.По хрватското претседателство со Советот, чиишто резултати беа условени од избувнувањето на кризата предизвикана од Ковид-19, се вложуваат големи надежи во трансформативната моќ на германското претседателство, кое е вовед кон „Конференцијата за иднината на Европа“ под француското претседателство. Покрај ова, и во Франција и во Германија претстојат избори за време на или близу по односното претседателство.

Германија го презема своето „Корона претседателство“ во услови на европска криза, но подеднакво и во време на нова можност за Европа. Овие околности првично предусловија германската влада да мора да ги помести приоритетите на своето претседателство. Корона кризата длабоко ги потресе европските економии, поставувајќи високо на агендата прашања поврзани со економската и социјалната конвергенција во рамките на ЕУ и давајќи можност за обновени дискусии за фискалната иднина на ЕУ (а следствено и политичката). Германија се претставува себеси одлучна да ја зграпчи можноста за европска интеграција, организирајќи го своето претседателство под мотото **„Заедно. Да ја направиме Европа повторно силна.“**

Поинаку од она на што сугерира мотото, Германците не бараат инспирација во САД на Трамп, наместо тоа ја нагласуваат важноста на мултилатерализмот и одговорите

на глобалните предизвици, како климатските промени, ориентирани кон иднината. „Солидарноста“, изјави Ангела Меркел во говор во мај 2020, „ќе биде водечкото начело на германското претседателство со Советот.“[1] Започнувајќи дома, Меркел се претставува себеси одлучна да не дозволи авторитарните сили, популистите и радикалите да ја злоупотребуваат сегашната економска криза за нивните политички агенди и наместо тоа да го искористи претседателството за навраќање кон дебатата за иднината на ЕУ и нејзино преземање назад од непријателите на ЕУ. Пријателите на Европа би требало да бидат наспроти ова нејзини конструктивни критичари и амбициозни креатори.

Кризата предизвикана од Ковид-19 ги разоткри мааните на институционалниот дизајн и на она што наликува на недостигот од политичка компетенција на ЕУ. Како вовед кон претходно споменатата Конференција за иднината на Европа во 2022-ра година, германското претседателство и моделите на одговор на кризи на крајот ќе бидат прилагодени со дискусии за европска интеграција и, потенцијално, со обновена уставна дебата - потенцијално дежа ви кон последното претседателство на Германија од 2007-мата година, само неколку месеци по неуспехот на последната уставна дебата на ЕУ.

Овој документ ќе се осврне на приоритетите на германското претседателство  во контекст на поширокото ротирање на претседателските тројки. Посебен осврт ќе биде даден на приоритетите на ЕУ од надворешната политика, креирајќи врска со политиката на проширување на ЕУ и идејата за европско обединување каде што треба да се случуваат важни настани - вклучително и презентацијата на преговарачката рамка за пристапување и пакетот за проширување за Северна Македонија (и Албанија).

---

1 Фондација Конрад Аденауер Германија (мај 2020). Bundeskanzlerin Angela Merkel über die Außen- und Sicherheitspolitik in der deutschen EU-Ratspräsidentschaft. Webinar. https://www.kas.de/de/veranstaltungsberichte/detail/-/content/europa-als-solidarische-handlungsfaehige-und-gestaltende-kraft-weiterentwickeln

# Приоритети на германското претседателство

Приближувајќи се кон германските парламентарни избори во 2021, 2019 година и првите месеци од 2020 година беше година исполнета со активности за широката коалиција на демо-христијаните (ЦДУ) и социјал-демократите (СПД) во Германија. Владините партии беа поделени околу кадровските прашања и беа прилично преокупирани со самите себе. И покрај ова, под силно владино раководство засновано на претпазлив, трезен и научнопоткован пристап, Германија успеа да се избори против кризата и да ги спречи најлошите предвидувања, како во однос на јавното здравство така и во однос на (приватната) економија.

По иницијалните критики поради наводниот недостаток на (германска) солидарност особено кон тешко погодените земји од европскиот југ, германската влада драстично го менува својот претпазлив пристап кон подлабока европска интеграција. Само што Германија дојде на ред да претседава со Советот, Ангела Меркел ненадејно го промени ставот околу можноста за поделба на товарот на европско ниво, изработувајќи заедно со Емануел Макрон[2] (финансиски) амбициозен план за опоравување од кризата предизвикана од Ковид-19.

После неколку месеци со заладени односи, француско-германскиот мотор се чини повторно работи, со полна пареа кон пополитичка, покомпетентна и посуверена Европска унија. Во рамките на Германија, тешкиот период во ЦДУ е заборавен, внатрепартиските превирања се фрлени на страна како што партијата бележи исклучителни резултати на анкетите[3]. Како одговор на кризата предизвикана од Ковид-19, широката коалиција успеа да презентира масивен, добро примен економски пакет за поттик во јуни исклучувајќи го, на пр. механизмот за

[2] Presse- und Informationsamt der Bundesregierung Deutschland (18 мај 2020): A French-German Initiative for the Recovery from the Coronavirus Crisis. Pressemitteilung 173/20. https://www.bundesregierung.de/resource/blob/973812/1753772/414a4b5a1ca91d4f7146eeb2b39ee72b/2020-05-18-deutsch-franzoesischer-erklaerung-eng-data.pdf?download=1

[3] Florian Gathmann (април 2020): CDU in Zeiten von Corona: Plötzlich Populär. *Spiegel Online.* https://www.spiegel.de/politik/deutschland/cdu-in-der-corona-krise-ploetzlich-populaer-a-b48d2cc8-32db-44b2-b58e-e3ef8e7358b8

помош на автомобилската индустрија, кој предизвика контроверзни дискусии, во обид за одржлив пат напред[4]. Германија, со тоа, земајќи ги предвид социјалните и економските околности, го презема претседателството во време на стабилност и политичка хармонија дома, со можност за поангажиран пристап кон ЕУ  што најверојатно ќе ѝ овозможи поангажиран пристап кон ЕУ односите. Позицијата на германскиот Бундестаг е хомогена и го поддржува ваквиот впечаток во поглед на плановите на Ангела Меркел за претседателството кои беа презентирани и дискутирани на 18-ти јуни.[5]

Кога станува збор за Европската унија, после недели поминати во расправии и агонија, Германија го презема водството во момент на единство со поглед напред кон иднината. Од очигледни причини, главната задача за време на германското претседателство ќе биде европскиот одговор на последиците од кризата предизвикана од Ковид-19. До одредена мера, ова значи дека Германија мораше да направи компромис за одредени приоритети зацртани пред Корона хаосот, но сепак ова најмногу ѝ дава шанса да го зграпчи моментот и да ги постави основите за поголема европеизација, а можеби дури и за сериозно повторно разгледување на прашањето за отворање на дебатата за Уставот на ЕУ, со тоа поплочувајќи го патот по кој треба да одат идните претседателства.

Управувањето со кризи за време на германското претседателство ќе вклучува два аспекти. Очигледно го опфаќа развојот на **конкретни планови за опоравување насочени кон директна финансиска помош.** Оваа дебата најверојатно ќе биде испреплетена со тековната расправа за долгорочниот буџет на ЕУ, задача која претставуваше предизвик дури и пред избувнувањето на кризата предизвикана од Ковид-19[6]. Во нејзиниот акциски план

---

[4] Bundesregierung (јуни 2020): Konjunkturpaket: Milliardenhilfen beschlossen. https://www.bundesregierung.de/breg-de/themen/coronavirus/konjunkturpaket-geschnuert-1757558

[5] Deutscher Bundestag (18 јуни 2020). Regierungserklärung zur Ratspräsidentschaft und zum Europäischen Rat. https://www.bundestag.de/dokumente/textarchiv/2020/kw25-de-regierungserklaerung-700600

[6] https://www.ips-journal.eu/topics/european-union/article/show/germany-has-a-lot-on-its-plate-during-the-eu-council-Presidency-4336/

[7] Европска комисија (27 мај 2020): The EU Budget Powering: The Recovery Plan For Europe – Factsheet. https://ec.europa.eu/info/sites/info/files/factsheet_1_en.pdf

за Корона кризата[7], Комисијата веќе презентираше интелигентни инструменти за финансирање на опоравувањето на државите и намалување на ранливоста на ЕУ од идни економски шокови. Во суштина, планот **„Следна генерација на ЕУ“** вклучува (привремено) покачување на плафонот на сопствените ресурси на ЕУ од 1% на 2% од бруто националниот приход на ЕУ, „дозволувајќи ѝ на Комисијата да го користи својот силен кредитен рејтинг за да позајми 750 милијарди евра на финансиските пазари.“[8].

Од друга страна, развојот на **Европска здравствена унија** и реалокацијата на **критичната здравствена индустрија** се клучни компоненти од планот за опоравување од Ковид-19 за Европа, кои изискуваат долгорочни стратегии и соработка помеѓу институциите.

И покрај општата криза, германското претседателство нема да биде ослободено од дневна политика, вклучително и претходно спомենатата **Повеќегодишна финансиска рамка (MFF),** која се очекува да биде финализирана наесен годинава како и (да се надеваме) конечни преговори за **пост-Брегзит договорот**, за кој е предвидено да бидат заокружени до крајот на 2020-тата година, вклучувајќи и изработка на сеопфатен Договор за слободна трговија.

И покрај јасната насока која се очекува во поглед на внатрешните работи на ЕУ, претседателството со ЕУ традиционално е можност за земјите членки да ги истакнат приоритетите во надворешната и безбедносната политика на ЕУ.

Еден често истакнуван приоритет за време на германското претседателство се надворешните односи со Кина, сè поголем стратешки конкурент, но сепак важен за да се воспостави партнерство со него. Планирано беше да се одржи Самит ЕУ-Кина во септември 2020 во Лајпциг, Германија, за да се воспостават основите за заемните односи и, меѓу другото, да се продолжат разговорите за Сеопфатниот договор за инвестиции меѓу ЕУ и Кина. На почетокот од јуни, самитот беше откажан (и сè уште не е одново закажан) како резултат на Ковид-19. Откажаниот самит поттикнува прашања за влошените односи помеѓу

[8] Европска комисија (27 мај 2020): Financing the Recovery Plan – Factsheet. https://ec.europa.eu/info/sites/info/files/factsheet_3_04.06.pdf

Кина и ЕУ кои беа двосмислени веќе и пред Корона кризата. Веќе со недели, на обем имаат добиено повиците за ограничување на кинескиот опсег на влијание во Европа, а најскорешните случувања во Хонг Конг уште еднаш ги покажуваат различните вредности и практики на кинеската и европските влади[9].

Додека Ковид-19 беше дефинитивно расипувач на забави на многу начини, тој не стои на патот да се одржи Самитот ЕУ-Африка планиран за претстојниов октомври помеѓу европските и африканските лидери во Брисел[10]. Во нејзиниот говор пред германскиот *Бундестаг*, Ангела Меркел го истакна значењето на силното партнерство со африканските земји каде што едногласноста на ЕУ би била неопходен предуслов за стратешка улога[11]. За Германија, надворешно политичките приоритети се поврзани со верувањето дека солидарноста мора да биде заснована на ЕУ вредности. Навраќајќи се кон темата помош за Корона кризата, политичарите истакнуваат дека ваквата солидарност мора да излезе надвор од границите на ЕУ, покажувајќи меѓународна одговорност нудејќи помош на особено тешко погодените партнери. Во претходно споменатиот говор, германската канцеларка Ангела Меркел ја повика Европа да биде **партнер од доверба во светот, потпора на стабилност и креатор на мир и безбедност во светот**[12]. Механизмите за поддршка на Западниот Балкан[13], одлучени неодамна, покажуваат дека регионот се смета како значаен партнер на ЕУ кој може да очекува поголема поддршка за време на германското претседателство. Истовремено, гледајќи го амбасадорот Ричард Гренел, специјален претставник на американскиот претседател Доналд Ј. Трамп за преговори за

---

9 Walker, Richard (04 јуни 2020). EU-China Summit: What Really Happened? Deutsche Welle Online. https://www.dw.com/en/eu-china-summit-what-really-happened/a-53688837

10 Европска комисија (9 март 2020): EU paves the Way for a stronger, more ambitious partnership with Africa. Соопштение за јавноста. https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/ip_20_373

11 Deutscher Bundestag (18. Juni 2020). Regierungserklärung zur Ratspräsidentschaft und zum Europäischen Rat. https://www.bundestag.de/dokumente/textarchiv/2020/kw25-de-regierungserklaerung-700600

12 Deutscher Bundestag (18 јуни 2020). Regierungserklärung zur Ratspräsidentschaft und zum Europäischen Rat. https://www.kas.de/de/veranstaltungsberichte/detail/-/content/europa-als-solidarische-handlungsfaehige-und-gestaltende-kraft-weiterentwickeln

13 Видете инфографик на Советот на ЕУ за пакетот за опоравување на ЕУ на следниов линк: https://www.consilium.europa.eu/de/infographics/economic-support-to-western-balkans/

помирување помеѓу Србија и Косово, како цврсто и одлучно притиска кон решение на спорот долг една деценија помеѓу двете земји (само неколку недели откако си даде отказ од својата позиција како амбасадор во Германија), наметнува подигнување на свеста на ЕУ за ситуацијата во комбинација со одлучност од нејзина страна. Особено сега, кога нивните политички лидери се поканети да учествуваат на дијалог кој беше планиран да се одржи на 27-ми јуни во Белата куќа, а во меѓувреме се откажа[14].

На крајот, но не помалку важно, германското претседателство се заложува себеси понатаму да ги спроведува **водечките цели, како што се Европскиот зелен договор, индустриска стратегија за социјална и економска кохезија, дигитализација и демократизација (имено преку вклучување и отчетност на граѓаните) на ЕУ процесите.** Ако се спроведат правилно, сиве овие аспекти ќе одекнуваат во плановите понатаму. И планот за опоравување од Ковид-19 за „Следна генерација на ЕУ“[15] и Повеќегодишната финансиска рамка треба да сигнализираат дека финансиските ресурси се врзани за одржливи, законски структури и структури за иднината[16], дури и ако ова потенцијално ја искомплицира дискусијата помеѓу земјите членки. Излегувањето со француско-германскиот Европски фонд за опоравување, имплицитно покренувајќи прашања за развојот на нови фискални инструменти и експанзија на компетентноста на ЕУ, сигнализира силна европска заложба во Берлин[17]. Ова особено добива на

---

14 https://www.wsj.com/articles/trump-to-host-balkan-peace-talks-11592241165?fbclid=IwAR0I2oJY65K6wSDBUQglug-0L82sc_LwVAuigvEo-ZozG9ehCArWsPaNAqQ

15 Информации за планот за опоравување за Европа на Европската комисија се достапни на следниот линк: https://ec.europa.eu/info/live-work-travel-eu/health/coronavirus-response/recovery-plan-europe_en

16 Nachhaltigkeitsrat (јуни 2020) особено ги истакнува шансите на Зелената агенда на ЕУ поврзана со програмата за опоравување на ЕУ во коментарот *EU-Ratspräsidentschaft: Das halbe Jahr der ganzen Entscheidung.*. https://www.nachhaltigkeitsrat.de/aktuelles/eu-ratspraesidentschaft-das-halbe-jahr-der-ganzen-entscheidung/

17 Schwarzer, D. & Vallée, S. (мај 2020). Pushing the EU to a Hamiltonian Moment. Germany’s Court Ruling and the Need to Build a Fiscal Capacity Force a Constitutional Debate. DGAP Policy Brief No. 10. https://dgap.org/en/research/publications/pushing-eu-hamiltonian-moment

значење земајќи предвид дека германското претседателство е вовед, преку група на повеќе про-европски ориентирани држави кои ќе го преземаат кормилото, кон француското претседателство и Конференцијата за иднината на Европа во 2022-та година. После сè, шест месеци се краток период за да се постигнат големи промени.

## Работејќи кон обединување на ЕУ (и континентален интегритет) за време на германското претседателство

На 1-ви јули, Германија го презема претседателството со Советот на ЕУ од Хрватска. Кога Хрватска го претстави своето мото „силна Европа во свет на предизвици“, тие сигурно не можеа да го замислат најголемиот предизвик пред нив, кој ја покажа својата сила токму среде нивното претседателство. Денес, нивните приоритети изгледаат речиси иронично во услови на кризата предизвикана од Ковид-19[18]. Европа која развива? Не баш за време на најголемата рецесија од Големата рецесија од 1930-тите години. Европа која поврзува? Наместо тоа, Европа која повторно воведува гранични контроли и затворени граници како последица на нескротливиот вирус.

Европа која заштитува? Или подобро: Европа на која ѝ снемуваат лекарства и медицинска опрема како резултат на здравствената зависност од Кина. Влијателна Европа? Токму спротивното: Европа толку преокупирана со ренационализација што стратешките и глобалните политики стануваат незначајни. Секако, не е баш фер да се мери хрватската успешност само врз основа на европската првична парализа предизвикана од кризата од Ковид-19. Сепак, за слабата изведба не може целосно да се обвини Ковид-19.

Вака или така, мора да му се признае на лидерството во Загреб дека успеа да го убеди Советот да донесе одлука[19] за отворање на пристапни преговори со Северна Македонија и Албанија. Покрај тоа, тие исто така го остварија планираниот Самит за Западен Балкан во мај 2020 година, организирајќи виртуелен наместо физички состанок, на врвот од неизвесноста од Ковид-19 во Европа. Западниот Балкан и неговата интеграција во структурите на Европската унија беше деклариран приоритет на хрватското претседателство.

Но, со така полни раце работа, зошто германското претседателство би дало значење на Западниот Балкан и, поспецифично, на Северна Македонија (и Албанија), за време на така пресудно време за иднината на Европа? Повторното обединување на Германија беше важно за да се заврши Студената војна во Европа и да се започне создавањето на Европската унија со потпишување на Договорот од Мастрихт. Подеднакво, обединувањето (и континенталниот интегритет) на ЕУ со вклучување на земјите од Западен Балкан во европското семејство е важно за посилна, геополитички и геостратешки будна ЕУ, и како такво може да го поплочи патот кон европски суверенитет.

Ако германското претседателство сака трајно да ги докаже своите политички приоритети, тие треба со најдобри

---

[18] Приоритетите и програмата на хрватското претседателство се достапни на следниот линк https://eu2020.hr/Home/Custom?code=Priorities

[19] Заклучоците од Советот за политиката на проширување на ЕУ и процесот на стабилизација и асоцијација помеѓу ЕУ и Западниот Балкан - Албанија и Република Северна Македонија https://www.consilium.europa.eu/en/press/press-releases/2020/03/25/council-conclusions-on-enlargement-and-stabilisation-and-association-process/

намери да го земат предвид Западниот Балкан не само во ресорот надворешна помош и проширување на ЕУ, туку исто така и имплицитно и експлицитно во програмите на ЕУ за (внатрешен) одговор на кризи и конвергенција. И овој пристап треба да биде проширен уште повеќе и не ограничен само на одговор на тековната криза предизвикана од Ковид-19, туку и надвор од тоа, на сите политики и акции на ЕУ, од животна средина до граѓански и воени мисии како дел од нејзината Заедничка безбедносна и одбранбена политика. Поради тоа што оваа агенда е од суштинско значење за иднината на Европа, и оттаму, за успехот на претстојното германско претседателство. Може да се надеваме дека на Западниот Балкан ќе му биде дадено потребното време на агендата на претседателството, земајќи го предвид бројот на поврзани настани закажани за втората половина од 2020-та година, како и фактот дека Меркел притискаше за тесна соработка со регионот уште од нејзиното преземање должност како канцелар и особено со воведувањето на Берлинскиот процес во 2014-тата година.

Конкретно, ова е повик за Германија да го следи хрватското претседателство и да ја оживотвори и спроведе Загрепската декларација. Ова значи да се продолжи со Економскиот и инвестицискиот план за Западен Балкан и, подеднакво важно, да се исполнат нејасно дефинираните ветувања. За време на германското претседателство, ЕУ мора да покаже дека и колку се навистина „одлучни понатаму да го интензивираат својот ангажман на сите нивоа како поддршка за политичка, економска и социјална трансформација на регионот“[20]. Во претстојните шест месеци, ќе има мноштво можности да се исполнат неисполнетите ветувања.

Веќе сега, Западниот Балкан ќе биде земен предвид, како што беше најавено на Твитер од Оливер Вархеји, комесар за проширување, во програмата „Следна генерација на ЕУ“ и во други финансиски

[20] Европски совет (мај 2020). Zagreb Declaration. https://www.consilium.europa.eu/media/43776/zagreb-declaration-en-06052020.pdf

шеми на ЕУ[21]. Покрај тоа, во јуни се одбележува месецот на почеток на дискусијата за преговарачките рамки за Северна Македонија и Албанија, на кои им беше дадено зелено светло за почеток на пристапните преговори во март, со надеж за расчистување на ситуацијата за официјално отпочнување со пристапните преговори за време на германското претседателство (под услов дека нема да бидат искористени билатералните прашања за блокирање на процесот за Северна Македонија).

Кога станува збор за билатералните прашања: Минатиот октомври, бугарскиот Парламент усвои Декларација поставувајќи предуслови, повикувајќи се на елементи од Договорот за пријателство од 2017[22] година  со допирање на некои чувствителни прашања (историја, јазик, малцинства, име на државата) под кои тие може да се согласат со текстот на Преговарачката рамка за Северна Македонија. Судејќи од текстот на Декларацијата, ваквата бугарска позиција има потенцијал да го искомплицира процесот во рамките на ЕУ за усогласување на текстот на нацрт преговарачката рамка[23]. Ова особено би било случајот ако Бугарија настојува на употреба на построг вокабулар во врска со спроведувањето на билатералниот договор, повикувајќи на заедничка позиција на ЕУ како што е (сега) формулирана во Загрепската декларација.

Земајќи ги предвид контроверзиите кои ги следат бугарско-македонските односи, Самитот во Софија (Западен Балкан) закажан за наесен, како дел од Берлинскиот процес, е уште еден релевантен датум на агендата. Имајќи на ум дека Берлинскиот процес е меѓувладина иницијатива под водство на Германија од самиот почеток, овој настан нуди можност

---

21 @OliverVarhelyi на Твитер (2 јуни 2020): “Pleased to announce that with #NextGenerationEU we propose significant additional support for #WesternBalkans & neighbourhood, through more funds for external action guarantee/EFSD+. And under current #EUBudget are proposing as a novelty extension of EFSD to Western Balkans”.

22 Договор за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија https://mfa.gov.mk/en/document/1712

23 Ѓаволот се крие во деталите: преговарајќи го членството на Северна Македонија во Европската Унија https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2020/06/webA5ENG-2.pdf

да се покаже заедничката иднина преку пококоперативни политики. Ако се искористи мудро, овој Самит - кој ќе биде под ко-претседателство на бугарската влада и владата на Северна Македонија - може да се искористи за да се нагласи потребата од солидарност и билатерална соработка, и со тоа да се придвижи процесот на помирување помеѓу двете земји. Понатаму, би можел да прерасне во помошна платформа за допирање на проблематичните прашања во контекст на Преговарачката рамка за Северна Македонија, како и за презентирање на политиките кои се однесуваат на приоритетите на германското претседателство за Западен Балкан. За време на самитот во Софија, мотото на германското претседателство „Заедно. Да ја направиме Европа повторно силна" треба да резонира во приоритетите, дискусиите и резултатите, бидејќи Европа ќе ја пронајде својата вистинска сила само заедно со Западниот Балкан.

Северна Македонија (и Албанија) ќе бидат првите земји чиешто пристапување ќе биде структурирано според новата Методологија[24]. Додека Пакетот за проширување на Комисијата нема да биде презентиран пред есен, првата Меѓувладина конференција (МВК) би можела да се случи порано, под германското претседателство. МВК е исклучително важен камен темелник во пристапните преговори. Додека Преговарачката рамка ги поставува условите под кои земјата (Северна Македонија) ќе биде примена како членка на ЕУ, МВК[25] организирана од претседателството на ЕУ, го означува официјалниот почеток на пристапните преговори, ја поставува политичката и институционалната сцена како и законската основа за пристапни преговори помеѓу земјите членки на ЕУ и Северна Македонија. Со преговорите како такви управува Европската комисија, во име на земјите членки на ЕУ.

---

[24] The new EU enlargement Methodology: Enhancing the accession process https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2020/03/Final-Commentary-Dragan-Tilev.pdf

[25] Исто така позната како „пристапна конференција"

# Заклучок

Германското претседателство со право упатува кон важноста на солидарноста, нивната сеопфатна тема, за справување со предизвиците на денешницата и спречување на кризите утре. Поимајќи го нивното „Корона претседателство“ како можност која треба да се искористи, германската влада јасно се позиционираше себеси во полза на силна, суверена и обединета Европска унија претставувајќи го духот потребен да се излезе од оваа криза. Сепак, најважно од сè, Германците дадоа до знаење дека тие не го сфаќаат нивното претседателство како соло спринт, туку напротив, како штафета. Усогласувањето на програмите помеѓу претседателските тројки и кооперативниот пристап ќе им овозможи на земјите да работат на долгорочни стратегии и приоритети потребни за иднината на Европа. Со одлучна дебата за европеизација, која е сега обновена, Европејците треба силно да бидат заинтересирани за текот и резултатите од Конференцијата за иднината на Европа во 2022-ра година.

Во секој случај, клучот за европско себе-разбирање и идни успеси низ германска призма е единството (солидарноста), па со тоа претседателството открива претпазливо реорганизиран пристап кон надворешната политика, започнувајќи со повикот за поголема европска солидарност и фокусот на новите стратешки партнерства. Настаните кои претстојат нудат многу можности за Европејците под германско претседателство. Во процесот на дискутирање и евентуално пребојување на европската иднина, Северна Македонија и остатокот од Западниот Балкан ќе бидат постојано на агендата, соодветно истакнувајќи го своето значење за иднината на Европската унија со надеж дека ваквото значење ќе биде отсликано со нивно вклучување во „Следна генерација на ЕУ“. Задачата за германското претседателство

ќе се состои во тоа да преземе конкретни активности за понатамошно поттикнување на обединувањето (и континенталниот интегритет) на ЕУ. Во согласност со приоритетите на претседателството, овој пристап мора да биде заснован на идејата за европска солидарност и мора да биде поткрепен со економски и стратешки аргументи врз основа на кои следните претседателства ќе можат да го надоградуваат.

Европејците ги чека работна есен. По хаосот со Корона кризата и борбата на многумина во текот на првата половина од 2020-та година, очекувањата од германското претседателство се големи. Во својот поход да ја обединат и зајакнат Европа, Германците се чинат одлучни да не нè разочараат.

# Информации за КАС

–

Слобода, правда и солидарност се основните начела врз кои почива работата на фондацијата Конрад Аденауер Штифтунг (КАС). КАС е политичка фондација тесно поврзана со Христијанската Демократска Унија на Германија (ЦДУ). Ние работиме на образовни програми за општеството и соработуваме со владини институции, политички партии, граѓански организации и избрани елити, градејќи силни партнерства. Заедно со нашите партнери даваме придонес кон создавањето на меѓународен поредок, кој овозможува секоја земја да се развива во духот на слободата и својата одговорност.

**Контакт податоци за КАС**

-

Адреса: ул. Ристо Равановски
бр.8, 1000 Скопје.
Телефонски број/факс:
+389 2 321 70 75; +389 23 21 70 76,
електронска пошта: Skopje@kas.de

# Информации за ИДСЦС

–

ИДСЦС е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето на одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт податоци за ИДСЦС**

-

Адреса: ул. Мирослав Крлежа
бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр./ факс: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Информации за авторите

–

**Мари Јеленка Кирхнер** е надворешен соработник на истражување при ИДСЦС, која неодамна има магистрирано на централно и источноевропските студии на Јагелонскиот Универзитет во Краков. Нејзиниот фокус на истражување е насочен кон европеизација и европската надворешна политика, особено во поглед на проширувањето на ЕУ.

**Зоран Нечев** е постар истражувач во Центарот за европски интеграции во рамките на ИДСЦС. Неговото поле на академски и професионален интерес ги вклучува проширувањето на ЕУ, европеизација, политика на условеност, Западен Балкан, правда и внатрешни работи.

**Драган Тилев** е истражувач соработник при Институтот за демократија „Социетас Цивилис", државен советник за европски прашања и член на Кабинетот на Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, со над 35 години професионално искуство. Во последните 26 години тој е директно вклучен во сите поважни активности поврзани со интеграцијата на земјата во ЕУ, со фокус на координација и подготовка за пристапните преговори. Од 2010-2014 тој беше во Брисел како Министер советник во Мисијата при ЕУ.

# Линк

–

**Ова издание е електронски достапно на:**

-

https://idscs.org.mk/mk/portfolio/да-ја-направиме-европа-повторно-силна/

Краток документ за
јавни политики бр.30/2020

# Да ја направиме цела Европа повторно силна. Германското претседателство со Советот на ЕУ во 2020 година и импликациите врз Северна Македонија

Автори: Мари Јеленка Кирхнер, Зоран Нечев
и Драган Тилев

-

јули 2020

IDSCS | Institute for Democracy
Societas Civilis -Skopje

KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG